Архивски број: 08 - 147/1
Датум:
29 -01- 2026

Постапувајќи по претставката бр. 08-609 од 08.08.2025 година, поднесена од ----- против ------ за заштита од дискриминација врз друга основа во пристап до добра и услуги Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКИРМИНАЦИЈА** врз друга основа од страна на ----- кон -----, во пристап до добра и услуги.

## Образложение

На 08.08.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од ----- против -----, за заштита од дискриминација врз друга основа во пристап до добра и услуги.

Во претставката подносителката наведува дека на 08.08.2025 се јавила во именуваната ----- за да уплати аранжман за патување во Валона, Република Албанија и нагласила дека сака да патува сама. Операторот од ----- веднаш ѝ кажал дека луѓето кои што патуваат сами плаќаат 50% повеќе од наведената цена затоа што треба да бидат сами во соба. Подносителката вели дека не побарала да биде сама во соба, па заради тоа се почувствувала дискриминирано.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на чл. 27, ст. 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 02.09.2025 година испрати барање за произнесување по претставката до туристичката агенција.

На 03.10.2025 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на претставката од -----. Во одговорот ----- укажува дека понудата за наведеното патување, како и понудите за сите патувања на -----, содржи програма, цена, попусти и доплати. Во конкретниот случај секое лице кое патува само подлежи на доплата, а доплатата е утврдена со претходно договорените услови со хотелите, односно доплатата не ја одредува агенцијата, туку хотелите. Тоа е пракса на сите хотели без разлика на категоризацијата на хотелот и од која држава е хотелот. Во поднесоко се потенцира дека доплатата не се врши врз однос на статусот на странката, туку самите хотели одредуваат доплата од економски причини, односно утврдуваат фиксни трошоци по соба. Во натамошното образложение се вели дека хотелот во предметната понуда, како и многу хотели пресметува двојна окупација, односно ја формира цената на собата со претпоставка дека две лица ќе ја користат собата. Следствено на тоа, кога едно лице ќе ја користи собата, треба да ја плати сумата

предвидена за целата соба. ----- посочува дека доплатата за сингл соба се движи од 20-50% од цената по лице за двокреветна соба, а во полуксузни хотели може да биде и 60-80% доплата. На крајот од поднесокот се појаснува дека и покрај тоа што подносителката не побарала да биде сама во соба, а при тоа кажала дека сама патува, автоматски подлежи на доплата, бидејќи агенцијата не може да ја смести во соба со непозната личност од морални и етички причини, а воедно и заради нарушување на приватноста на подносителката и на другите лица. Во поднесокот се заклучува дека агенцијата не ја предвидела доплатата заради статусот на вдовица на подносителката, туку според однапред утврдени услови во понудата на хотелот, кои според агенцијата имаат економска оправданост.

Ценејќи ги наводите од претставката и поднесокот за произнесување Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи дека туристичката агенција во конкретниот случај не сторила дискриминација врз основа на подносителката со барањето за доплата заради тоа што подносителката сакала да патува сама. Цената на понудата неспорно е диктирана од страна на хотелот во кој се нуделе аранжманите, на база на двојна окупација, односно хотелот ја формира цената за окупација на целата соба, без разлика дали во неа ќе престојуваат две или едно лице. Оттука, не може да стане збор за дискриминација, како повреда на право врз одредена заштитна карактеристика, бидејќи цената на собата на собата е однапред одредена и истата не зависи од статусот на подносителката, ниту пак подносителката е ставена во понеповолна положба од други лица заради заштитна карактеристика, бидејќи сите лица, со било кои карактеристики кои одлучуваат сами да го уплатат предметниот аранжман ќе треба да ја платат истата цена која требала да ја плати и подносителката. Од таму, во конкретниот случај не се исполнети законските претпоставки за постоење на дискриминација, врз основа на чл. 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој пропишува дека: *„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:
- -----